**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 17.05.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlere |
| 10 | 2124 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп

3. **Период опфатен со надзорот:** 01.01.2022 до 31.12.2022 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 17 мај 2023 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 91 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

  (телевизиските радиодифузери кои емитуваат телевизиски програмски сервиси на државно ниво, тогаш кога е изводливо и со соодветни средства треба да обезбедат најмалку 51% од вкупно емитуваните програми во текот на годината да бидат европски аудиовизуелни дела при што не се смета времето одвоено за вести, спортски настани, игри, рекламирање, телетекст и телешопинг услуги).

- **Правилник за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

  (Во согласност со член 91 став 3 од Законот, во член 6 од Правилникот за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти, е предвидено дека - телевизиските програмски сервиси кои за прв пат ќе добијат дозвола за телевизиско емитување на државно ниво по стапувањето на сила на овој Правилник (6 декември 2014 година), обврската за застапеност на европски аудиовизуелни дела, ја исполнуваат прогресивно, во период од 5 години, така што: првата година процентот на застапеност на европски аудиовизуелни дела треба да изнесува најмалку 10%, а во втората, третата и четвртата година, процентот на застапеност на европски аудиовизуелни дела треба да се зголемува по најмалку 10% годишно, а петтата година треба да биде најмалку 51%).

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп дозволата за радиодифузно емитување како сервис од општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, ја има добиено на 25 февруари 2019 година, а започна со работа веднаш на 25 февруари 2019 година. Оттаму, изминатата 2022 година, беше четврта година од добиената дозвола и затоа обврската за емитување европски аудиовизуелни дела во 2022 година, согласно Правилникот, изнесуваше 40%.

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, емитуван на државно ниво, е констатирано дека во текот на 2022 година, ја исполни обврската од член 91 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 6 од Правилникот за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти, најмалку 40% од вкупно емитуваните програми во текот на годината да бидат европски аудиовизуелни дела.

Од доставениот Образец за европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти (наш арх. број 03-1492/1 од 29.03.2023 година), беше констатирано дека Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, во текот на 2022 година има емитувано **71.19%** европски аудиовизуелни дела.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***